# Зимска извидничка школа

# (зимување)

## Каде и кога?

Зимската извидничка школа ќе се одржи во извидничкиот истражувачки центар Брезица на  ИПО Јадран кој се наоѓа во село Катлановска Брезица. Времетраење на зимувањето е од 08.01.2025(Среда) до 12.01.2025(Недела) со што тргнувањето во средата е планирано во 10 часот од бензиската Макпетрол кај Транспортен центар, а поаѓањето за назад во 16 часот од нашиот извиднички истражувачки центар.

## Кој може да учествува?

На оваа зимска извидничка школа ќе може да учествуваат од 30 до 35 деца на возраст од 10 до 15 години, исто така ќе може да учествуваат и 20 деца на возраст од 16 до 19 години кои ќе бидат делумно вклучени во спроведување на програмата.

## Како ќе се одвива ?

Сите учесници се делат во групи уште по пристигнувањето. Секоја група ќе има по еден водич кои ќе биде на возраст од 16 до 19 години, водачот ќе има цел да внимава на својата група од повеќе аспекти. Како на пример да внимава на меѓусебниот однос на учесниците во групата, да овозможи секој да го искаже своето мислење, да ги поттикне членовите на групата да соработуваат меѓусебно, исто така  и да го пренесува своето знаење и искуство во текот на заедничката соработка. Екипите ќе се натпреваруваат во текот на зимувањето. За да се одреди победничката екипа ќе бидат оценувани работилниците, игрите и дисциплината на екипно ниво.

## Која е целта на овој настан?

Оваа зимска извидничка школа претставува еден вид на неформална едукација преку методот на учење преку работа, работа во мали групи, разработување на точките преку инересни работилници и игри. Децата на зимувањето ќе стекнат огромно искуство кое ќе им биде многу корисно за понатамошните извиднички активности и извиднички натпревари, како и во приватниот живот. На овој настан на децата исто така им се пружа можност за голема дружба и забава со што ќе имаат поголема мотивација да научат нови работи со кои се срекаваат секојдевно, а ги применуваме и во извидништвото.

## Што со сместувањето?

Сите ќе бидат сместени во соби со сопствен тоалет, групирани по предходно определените групи или по тоа кој со кого се дружи во зависност од желбата на учесниците. Куќата каде што ќе спијат учесниците е на парно греење со сопствен котел, а другиот објект каде ќе се оддржуваат поголемиот дел од активностите ќе биде загреан со ќумбе на дрва.

## Колку чини?

Котизацијата за учесниците на возраст 10 – 15 години изнесува 4000ден. и истата ќе може да се плати еднократно до 21.12.2024(Сабота) или на три рати со што прввата рата изнесува 1000ден. истата не се враќа доколку учесникот се откаже и ќе треба да се плати најкасно до 16.11.2024(Сабота), втората рата во износ од 1500ден. ќе треба да се плати најдоцна до 07.12.2024(сабота) и третата рата во износ од 1500ден треба да се плати најдоцна до 28.12.2024(Сабота).

Котизацијата за учесниците на возраст 16 – 19 години изнесува 2800ден, бидејќи истите ќе бидат заангажирани за спроведување на програмата на зимувањето. Истата ќе може да се плати еднократно до 21.12.2024(Сабота) или на две рати и тпа првата рата во износ од 1000ден., истата не се враќа доколку учесникот се откаже и ќе треба да се плати најкасно до 16.11.2024(Сабота), а втората рата во износ од 1800ден. ќе треба да се плати најдоцна до 21.12.2024(сабота)

- Во котизацијата се вклучени превоз до местото и од местото назад, удобно сместување за секого, три оброка дневно и две ужинки, материјали за работилниците и некои подароци кои ќе останат како спомен од зимувањето.

## Како да платам?

Плаќањето може да се изврши во готово, преку недела или на активностите во сабота.

## Што да се понесе?

Список на потребни работи по учесник:

- ✓ Топла облека
  - Јакна
  - Блузички
  - Тренерки
  - Дебели чорапи
  - Топли обувки
  - Капа
  - Ракавици
  - Зимски шал
  - Дуксер
- ✓ Долна облека
- ✓ Извидничка униформа
  - Извиднички дуксер
  - Извидничка маица
  - Извидничка марама
- ✓ Вреќа за спиење
- ✓ Перница по желба
- ✓ Пижами
- ✓ Папучи за низ куќата (топлинки)
- ✓ Мало ранче за шише вода
- ✓ Резервни обувки
- ✓ Прибор за лична хигиена
- ✓ Пешкирче за лице
- ✓ Пешкир за туширање
- ✓ Кабаница за дожд
- ✓ Стари весници
- ✓ Прибор за јадење

**Напомена:** Со оглед на временските услови се очекува да има снег на зимувањето, па секој учесник со себе нека носи соодветна зимска облека.

## Како ќе комуницираме?

За време на активностите учесниците нема да можат да ги користат мобилните телефони. Ќе може да комуницирате со некој од одговорните во било кое време.

**Напомена:** Програмата вклучува полагање на одредени вештарства меѓу кои е вештарството извидник курир и за да се положи истото децата подолг период нема да можат да користат телефони, паметни часовници, таблети и останата технологија.

## Каква е агендата?

**Агендата е исполнета со убави работилници и многу интересни и едукативни игри, поткрепена со топло чајче и нешто слатко помеѓу активностите.**

## Како да се пријавам?

Пријавувањето ќе се одвива така што секој заинтересиран учесник треба да ја пополни овaa форма најдоцна до 15.11.2024(Петок), да ја потполни согласноста потпишана од родител и да се донесе на некоја од активностите во сабота, најдоцна до 16.11.2024(сабота).

**Лице за контакт**

Андреј Антов   078 907 709

antov.andrej@yahoo.com